# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (6.04.00.05) МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ И (6.04.00.08) МЕТОДИКА ПО МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1602-110/4 од 13.7.2026 година, донесена на 228. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научните области (6.04.00.05) музички уметности и науки и (6.04.00.08) методика по музичко воспитание и образование на Факултетот за образовни науки во следниов состав:

- **проф. д-р Томислав Таневски**, редовен професор во пензија, наставно-научни области методика на настава по уметности (6.04.00.07) и музички уметности и науки (6.04.00.05), претседател;
- **проф. д-р Милица Шкариќ**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

На Конкурсот, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 2.7.2026 година, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области (6.04.00.05) музички уметности и науки и (6.04.00.08) методика по музичко воспитание и образование во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, доктор по музички науки и магистер по музички уметности (пијано).

Врз основа на приложената документација од кандидатката проф. д-р Огненка Герасимовска-Димитровска (која е во целост со барањата на Конкурсот), чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Огненка Герасимовска-Димитровска е родена на 23 ноември 1984 година во Скопје. Таа е концертна пијанистка, педагог по пијано и истражувач во областа на музичката интерпретација и музичкото образование. Нејзината професионална дејност опфаќа континуирана наставна, уметничка и научна работа, со значајно присуство на концертната сцена во земјава и во странство. Основно и средно музичко образование завршува во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, паралелка за талентирани ученици во класата по пијано на проф. Рита Т. Поповиќ. Во 2007 година дипломира на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во класата по пијано на проф. Борис Романов, со оценка cum laude и просечен успех 10,00. Магистерските студии ги завршува во 2010 година на истиот

факултет, повторно со оценка cum laude и просечен успех 10,00. Во периодот 2012-2019 година ги завршува докторските студии на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р sci Томе Манчев и проф. Волфганг Манц од Нирнберг, Германија, и се стекнува со научен степен доктор на науки од обласа на музичките уметности.

Од 2007 година до денес работи како наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје и како хонорарен музички соработник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во периодот 2007-2010 година била хонорарен асистент по пијано на Факултетот за уметности при Државниот универзитет во Тетово, а од јануари до јули 2011 година работела како визитинг професор по пијано на Националниот конзерваториум за музика во Ерусалим, Израел.

Во рамките на стручното усовршување д-р Огненка Герасимовска-Димитровска посетувала семинари кај истакнати пијанисти и педагози, меѓу кои проф. Волфганг Манц, проф. Јури Кот, проф. Борис Романов, проф. Н. Штаркман и други. Во текот на својата работна активност се стекнува и со сертификати за современи наставни стратегии, работа со надарени ученици, учење на далечина, превенција и справување со насилство во училиштата, разрешување конфликти и развивање социо-емоционални вештини.

Д-р Огненка Герасимовска-Димитровска активно се служи со англиски јазик, поседува сертификат за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1.

**Општи и посебни услови за избор во звање доцент**

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во наставно-научно звање доцент кандидатот треба да ги исполнува општите и посебните услови утврдени со Правилникот.

**Општи услови**

1. **Просечен успех од најмалку 8,00 на студиите од прв и втор циклус, за секој циклус посебно:**

- Кандидатката има просечен успех 10,00 на прв циклус и 10,00 на втор циклус студии

2. **Стекнат научен степен доктор на науки од научната област за која се избира:**

- Кандидатката е доктор на науки од обласа на музичките уметности, а нејзината научна, уметничка и педагошка работа е непосредно поврзана со областите за кои се врши изборот.

3. **Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор:**

- Во периодот 2024-2026 година кандидатката има објавено пет научни труда во меѓународни научни списанија. Уште еден труд е прифатен и е во печат, но не е вклучен во минималниот број на објавени трудови ниту во квантификацијата.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Референтна научна публикација | Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Огненка Герасимовска-Димитровска | „Концертот за пијано и оркестар“ од Властимир Николовски како наставен материјал во музичкото образование | Просветно дело - списание за теорија и практика на образованието LXXIX,1,2026 UDK 781:785.6]:37.091.3(497.7) ISSN 0350-6711 | 2026 |
| 2. | Огненка Герасимовска-Димитровска | Contemporary Macedonian Professional Music in Music Education: Cultural Understanding, Repertoire Development and Interpretative Practice | KNOWLEDGE - International Journal: The Teacher of The Future, 76(5), 719 723, ISSN 2545-4439 | 2026 |
| 3. | Огненка Герасимовска-Димитровска | Методички пристап кон слушање и доживување на македонската професионална музика во основното и средното образование | Просветно дело - списание за теорија и практика на образованието LXXIX,2,2026 UDK 373.3/.5.012:78(497.7) ISSN 0350-6711 | 2026 |
| 4. | Огненка Герасимовска-Димитровска | The Historical Development of Macedonian Professional Music and the Role of Composer Vlastimir Nikolovski | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA, Vol. 10 No. V (2025): RIHA 2025, ISSN: 2671-3144 | 2026 |
| 5. | Огненка Герасимовска-Димитровска | Мелодијата, нејзиното влијание и моќ како услов во музичката интерпретација | CONTEXT / КОНТЕКСТ 30, Review for Comparative Literature and Cultural Research, Скопје, 2024. УДК 781.1:781.4 ISSN 1857- 7377 | 2024 |

4. **Познавање на најмалку еден странски јазик:**

- Кандидатката има приложено сертификат за познавање англиски јазик на ниво Ц1.

5. **Способност за изведување високообразовна дејност:**

Д-р Огненка Герасимовска-Димитровска до сега има учествувано во изведување на настава на повеќе високообразовни институции, хонорарен асистент по пијано на Државниот универзитет во Тетово, визитинг професор во Ерусалим, Израел, и долгогодишна соработка со Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со континуирана наставна работа од 2007 до 2026 година.

**Посебни услови**

1. **Постигнувања во примената на истражувачките резултати**

Научната работа на кандидатката е насочена кон примената на теориските, музиколошките и интерпретативните сознанија во наставата по музика. Во објавените трудови таа разработува методички пристапи за вклучување на македонското уметничко музичко творештво во основното,

средното и високото музичко образование, со што научните резултати добиваат јасна наставна и културолошка примена.

2. **Две препораки од професори**

Доставени се препораки од проф. д-р Владимир Талески, редовен професор во пензија на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и меѓународно реномираниот пијанист, проф. Волфганг Манц, професор и раководител на Вокално-инструменталниот оддел на Универзитетот за музика во Нирнберг, Германија. Во нив се истакнуваат стручноста, професионалноста, одговорноста, уметничката зрелост, научноистражувачкиот интерес и исклучителната посветеност на педагошка активност на кандидатката.

3. **Минимум поени од целокупната актива**

Д-р Огненка Герасимовска-Димитровска според приложената документација има остварено минимум поени што се однесуваат на целокупната активност: (НО)=/; (НИ) =496; (САОР) =48 или вкупно 544 поени.

**Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност**

Од 2007 година до денес (2026 год.), д-р Огненка Герасимовска-Димитровска е вработена како наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, каде што реализира индивидуална инструментална настава, подготвува ученици за јавни настапи и натпревари, организира концерти на класата и активно учествува во развојот на талентирани ученици.

Нејзиното работно искуство во високото образование исто така започнува во 2007 година како хонорарен асистент по пијано на Факултетот за уметности при Државниот универзитет во Тетово. Од 2007 година до денес (2026 год.) е и хонорарен музички соработник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2011 година е поканета да работи како визитинг професор по пијано на Националниот конзерваториум за музика во Ерусалим, Израел. Овие ангажмани во целост ја потврдуваат способноста на кандидатката за работа со студенти и за изведување на високообразовна дејност.

Особено значајни педагошки успеси се резултатите на нејзините ученици. Во периодот опфатен со биографијата, учениците од нејзината класа имаат освоено 114 државни и меѓународни награди и признанија. Меѓу нив се први и специјални награди, лауреатски признанија и пласмани на натпревари во Македонија, Србија, Хрватска, Италија, Франција, Чешка, Германија и други земји. Овие резултати покажуваат систематичност во наставата, способност за индивидуализиран пристап, препознавање на потенцијалот на учениците и високи професионални стандарди.

Герасимовска-Димитровска редовно организира новогодишни, годишни и тематски концерти на својата класа по пијано. Оваа активност има значајна воспитно-образовна функција, бидејќи ги развива сценската подготвеност, самодовербата, музичката комуникација и одговорноста кај учениците.

Научноистражувачката работа на д-р Огненка Герасимовска-Димитровска се развива на пресекот меѓу музичката интерпретација, музичката

анализа, историјата на македонската професионална музика и методиката на музичката настава. Посебен фокус во нејзината работа има творештвото на композиторот и академик Властимир Николовски и можностите неговите дела да се применуваат како наставен материјал.

**Листа на научноистражувачки активности:**

**Монографија:**

1. Огненка Герасимовска - Димитровска, „Академик Властимир Николовски и неговиот концерт за пијано и оркестар", „Ад Вербум", Скопје, 2022, ISBN 978-608-4759-98-0.

Монографијата претставува заокружено научно и уметничко истражување на едно од најзначајните дела во македонската музичка литература. Авторката го разгледува делото од историски, аналитички и интерпретативен аспект и ја поврзува неговата музичка структура со поширокиот контекст на македонската култура. Публикацијата има значење за музикологијата, пијанистичката интерпретација и музичкото образование, бидејќи обезбедува систематизиран материјал што може да се применува во наставата и во подготовката на концертните изведувачи.

**Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

1. „Концертот за пијано и оркестар" од Властимир Николовски како наставен материјал во музичкото образование", Просветно дело, LXXIX, 1, 2026.

Оценка на трудот: Во овој труд се разработува педагошката вредност на концертот и можностите делото да се применува во различни сегменти на музичкото образование. Посебно значење има поврзувањето на аналитичкото слушање, музичко-историскиот контекст и интерпретативната практика. Со тоа трудот придонесува кон збогатување на наставниот репертоар со капитално македонско музичко дело.

2. „Contemporary Macedonian Professional Music in Music Education: Cultural Understanding, Repertoire Development and Interpretative Practice", KNOWLEDGE – International Journal: The Teacher of the Future, 76(5), 719–723, 2026.

Оценка на трудот: Во трудот се разгледува улогата на современото македонско уметничко творештво во развивањето на културното разбирање, проширувањето на наставниот репертоар и унапредувањето на интерпретативните компетенции. Трудот има интердисциплинарен карактер и ја поврзува музичката педагогија со прашањата на културниот идентитет и современата изведувачка практика.

3. „Методички пристап кон слушање и доживување на македонската професионална музика во основното и средното образование", Просветно дело, LXXIX, 2, 2026.

Оценка на трудот: Трудот е непосредно поврзан со наставно-научната област: Методика по музичко воспитание и образование. Авторката предлага систематизиран пристап кон слушањето и доживувањето на македонското уметничко музичко творештво, со акцент на возраста на учениците, активното слушање, восприемањето на музичкиот израз и развивањето културна чувствителност.

4. „The Historical Development of Macedonian Professional Music and the Role of Composer Vlastimir Nikolovski", Review of the Institute of History and Archaeology – RIHA, Vol. 10, No. V, 2025/2026.

Оценка на трудот: Трудот го поставува развојот на македонското уметничко музичко творештво во поширок историски и културен контекст и ја нагласува улогата на Властимир Николовски во институционалното и творечкото оформување на македонската музичка култура. Вредноста на трудот е во систематизацијата на историските процеси и нивното поврзување со современото музичко образование.

5. „Мелодијата, нејзиното влијание и моќ како услов во музичката интерпретација", CONTEXT / КОНТЕКСТ 30, 2024.

Оценка на трудот: Трудот се фокусира на мелодијата како носител на музичкиот израз и како клучен фактор во градењето на интерпретацијата. Авторката ја анализира врската меѓу структурата на мелодиската линија, фразирањето, динамиката, артикулацијата и изведувачката концепција. Трудот е релевантен за наставата по музички инструмент, за развојот на интерпретативното мислење и за методиката на музичкото образование.

**Научен труд во печат**

1. „Developing Interpretative Competencies in Piano Students through a Composition from the Contemporary Macedonian Repertoire", Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 2026.

Оценка на трудот: Трудот е тематски непосредно поврзан со развивањето интерпретативни компетенции кај учениците и студентите по пијано преку современ македонски репертоар. Бидејќи е наведен како труд во печат, тој е прикажан во рефератот како дополнителна научна активност, но не е вклучен во бројот на објавени трудови ниту во табеларниот приказ.

**Пленарни предавања и учество на научни собири**

Кандидатката има одржано пет пленарни предавања на научни и стручно-научни собири во периодот 2020-2025 година. Темите се однесуваат на тематизмот, интерпретативните влијанија и културно-историското значење на творештвото на Властимир Николовски, како и на состојбите во македонската музичка култура. Континуитетот на овие предавања покажува јасно профилирана истражувачка област и способност научните резултати да се презентираат пред стручна јавност.

1. 2025 - д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, „Властимир Николовски - втемелувач на музичката култура во Македонија", Струшка музичка есен, Струга, септември 2025.
2. 2023 - д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, „Тешкото" во „Концертот за пијано и оркестар" од композиторот Властимир Николовски, Струшка музичка есен, Струга, септември 2023.
3. 2022 - д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, „Состојбите на културните текови во Македонија во првата половина на XX век - компарација на суштинските збиднувања во европската култура", Музички средби во СОКОМ, Скопје, април 2022.
4. 2021 - д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, „Влијанието на светските автори и техничко-инспиративното влијание во творештвото на

Николовски“, Струшка музичка есен, Струга, септември 2021.

5. 2020 - д-р Огненка Герасимовска-Димитровска, „Тематизмот во првиот став „Токата“ од „Концертот за пијано и оркестар“ од академик Властимир Николовски“, Струшка музичка есен, Струга, септември 2020.

**Стручно-уметничка дејност**

Д-р Огненка Герасимовска-Димитровска развива обемна концертна дејност како солист и камерен музичар. Во приложената биографија се наведени 51 солистички концерт, од кои 41 во земјата и 10 во странство; 35 концерти на камерна музика, од кои 29 во земјава и 6 во странство; како и 19 позначајни групни концерти, од кои 11 во земјава и 8 во странство.

Настапувала на значајни фестивали и концертни сцени во Скопје, Охрид, Битола, Штип, Прилеп, Гевгелија и други градови во Македонија, како и во Шпанија, Холандија, Германија, Турција, Италија, Австрија, Израел, Србија, Хрватска, Русија и Косово. Во 2022 година настапила како солист со оркестарот на Филхармонија на „Денови на македонска музика“, а истата година настапила како солист со Истанбулскиот камерен оркестар во Истанбул, Турција.

Нејзината активност како камерен музичар опфаќа соработка со виолинисти, виолончелисти, кларинетисти, обоисти, гитаристи, пејачи, перкусионисти и пијанисти, што укажува на широка репертоарска и ансамблова компетентност. Таа е присутна и во дискографијата со две музички ЦД-изданија, од 2008 и 2014 година, како носител на проекти од национален интерес на Министерството за култура.

Герасимовска-Димитровска е добитник на значаен број државни и меѓународни награди како пијанист и музички уметник. Во точка 22 од табелата се евидентирани 15 награди и признанија: 11 остварени во земјава и 4 во странство. Меѓу останатите се вклучени наградата за успешна работа во музичката педагогија, наградите за најдобар дипломиран студент, државните и републичките натпреварувачки награди, како и наградите од меѓународни пијано натпревари во Германија, Хрватска, Франција и Чешка.

**Награди во земјата на д-р Огненка Герасимовска-Димитровска:**

- 2021 – награда за едногодишна успешна работа во областа на музичката педагогија (признание за професор на годината);
- 2008 – награда за најдобро дипломиран студент во учебната 2006/2007 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- 2007 – награда за најдобро дипломиран студент „26 Јули – Франк Манинг“;
- 2003 – годишна награда на Фондацијата „Клементина Рајфајловска“ за најдобар матурант;
- 2001 – I награда на државен натпревар на ученици и студенти;
- 2001 – I награда на „Интерфест Битола“, интернационален натпревар за млади пијанисти;
- 2001 – специјална награда за најперспективен млад пијанист, доделена од Сојузот на музичките уметници на Македонија;
- 1999 – I награда на државен натпревар за мали ансамбли – дуо пијано;
- 1996 – I награда на VI Шопенијада, Скопје;

- 1996 – II награда на државен натпревар по музика;
- 1995 – II награда на републички натпревар по музика.

**Награди во странство на д-р Огненка Герасимовска-Димитровска:**
- 2010 – III награда на меѓународниот натпревар „Karl Drechsel Förderpreis", Нирнберг, Германија;
- 2001 – лауреат на ЕПТА, меѓународен натпревар за млади пијанисти, Осијек, Хрватска;
- 1999 – I награда на меѓународниот пијано натпревар „Николај Рубинштајн", Париз, Франција;
- 1999 – II награда на меѓународниот натпревар „Virtuosi per musica di pianoforte", Усти над Лабем, Чешка.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во рамките на стручното усовршување кандидатката посетувала семинари кај истакнати пијанисти и педагози, меѓу кои проф. Волфганг Манц, проф. Јури Кот, проф. Борис Романов, проф. Н. Штаркман и други. Таа поседува сертификати за современи наставни стратегии, работа со надарени ученици, учење на далечина, превенција и справување со насилство во училиштата, разрешување конфликти и развивање социо-емоционални вештини.

Како признание за педагошката работа, во 2021 година добива награда за едногодишна успешна работа во областа на музичката педагогија од Здружението на музички и балетски педагози на Република Северна Македонија. Во повеќе години добива дипломи за значаен придонес на Меѓународниот фестивал „Полихимниа" како наставник на наградени учесници. Била и член на жири-комисија на меѓународниот натпревар „Млади таленти".

Во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност се евидентирани стручните дипломи и признанија што кандидатката ги добила како наставник, педагог и член на жири: осум во земјата и две во странство, со што го потврдува нејзиниот континуиран придонес во развојот на младите пијанисти и во работата на домашни и меѓународни музички натпревари и фестивали.

**Стручни награди и признанија во земјава:**
- 2025 – X меѓународен фестивал „Полихимниа": диплома за значаен придонес како наставник на учесници на натпреварот;
- 2023 – VIII меѓународен фестивал „Полихимниа": диплома за значаен придонес како наставник на учесници на натпреварот;
- 2021 – VI меѓународен фестивал „Полихимниа": диплома за значаен придонес како наставник на учесници на натпреварот;
- 2020 – V меѓународен фестивал „Полихимниа": диплома за значаен придонес како наставник на учесници на натпреварот;
- 2020 – сертификат за член на жири-комисија на меѓународниот натпревар „Млади таленти";
- 2018 – III меѓународен фестивал „Полихимниа": диплома за значаен придонес како наставник на учесници на натпреварот;
- 2011 – Здружение на педагозите по пијано на Македонија: диплома за учество со свои ученици;

- 2010 – Здружение на педагозите по пијано на Македонија: диплома за учество со свои ученици.

**Стручни награди и признанија во странство:**

- 2018 – Интернационален натпревар „Даворин Јенко“, Белград: почесна диплома за освоена прва награда;
- 2015 – „Virtuosi per musica di pianoforte“, Усти над Лабем, Чешка: почесна диплома за освоена втора награда.

Особено значајна е континуираната работа со учениците, подготовката за натпревари и јавни настапи, како и организирањето концерти на класата. Овие активности ја поврзуваат наставната, стручно-уметничката и организациската работа и придонесуваат за афирмација на музичкото образование.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставни-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Универзитетски гласник бр.63 од 10.3.2025 година), како и по деталното разгледување на доставената комплетна документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека **кандидатката д-р Огненка Герасимовска-Димитровска ги исполнува сите законски услови за избор во наставно-научно звање доцент за наставно-научните области музички уметности и науки (6.04.00.05) и методика по музичко воспитание и образование (6.04.00.08)** на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката има извонреден успех на прв и втор циклус студии, стекнат научен степен доктор на науки од соодветната област, пет објавени научни трудови во последните пет години, монографија, сертификат за познавање англиски јазик на ниво Ц1 и две позитивни препораки од истакнати професори. Таа има значајно искуство во наставата, високото образование, научноистражувачката работа и концертната дејност, а нејзините ученици имаат освоено 114 државни и меѓународни награди и признанија.

Научните трудови на кандидатката покажуваат јасна тематска насоченост кон македонското уметничко музичко творештво, музичката интерпретација и нивната примена во музичкото образование. Нејзината концертна и педагошка дејност ја надополнува научната работа и создава цврста основа за изведување настава во областите за кои се врши изборот.

За целокупната активност кандидатката ги има остварено потребните поени кои што се однесуваат на наставно-образовната дејност, научно-истражувачка дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност или вкупно 544 поени (НО-НИ+САОР= 0+509,5+48 = 496) од неопходниот минимум од 75 поени.

**Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му**

**предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и кандидатката д-р Огненка Герасимовска-Димитровска да ја избере во наставно-научно звање доцент за наставно-научните области музички уметности и науки (6.04.00.05) и методика по музичко воспитание и образование (6.04.00.08).**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Томислав Таневски**, редовен професор во пензија) од наставно-научни области методика на настава по уметности (6.04.00.07) и музички уметности и науки (6.04.00.05), претседател, с.р.

**Проф. д-р Милица Шкариќ**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

**Проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 4 | Избор во звање доцент | | / | | / | / |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Монографија или научна книга | 1x1 | 10 | | | 10 |
| 4 | Научен труд во меѓународно научно списание - самостоен автор | 5x9 | 45 | | | 45 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир<br>Музички настап на официјален концерт (солистички) | 5x3<br>41x3 | 15<br>123 | 10x6 | 60 | 15<br>183 |
| 7 | Музички настап на официјален концерт (камерни и позначајни групни настапи на официјални концерти) | 40x2 | 80 | 14x3 | 56 | 136 |
| | | | | | | |
| 10 | Одбранета докторска теза | 1x1 | 8 | | | 8 |
| 22 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања и сценско-музички награди | 11x5 | 55 | 4x10 | 40 | 95 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **496** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 19 | Стручни награди и признанија | 8x4 | 32 | 2x8 | 16 | 48 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **48** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | | **544** |